A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 03-554/1
15-07-2016 год.
ЗРНОВЦИ

Друштво за производство, трговија и услуги
ЕЛЕКТРОВИН ДООЕЛ
Бр. 0307-278/16
20.07.2016 год.
ВИНИЦА

Арх.бр.03-554/1

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА –СУКЦЕСИВНА НАБАВКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ННМ ВО ОПШТИНА ЗРНОВЦИ ЗА ПЕРИОД ОД ЕДНА ГОДИНА

склучен на ден 15.07.2016 година помеѓу следните

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А . ОПШТИНА ЗРНОВЦИ** ул,,Илинденска,, бб од Зрновци

Застапувана од Градоначалникот на општина Зрновци Блаже Станков , (во понатамошниот текст: ,,Договорен орган") од една страна

и

[1]**Б . ДООЕЛ ЕЛЕКТРОВИН** ул,,4-та Македонска бригада,, бр 57 Виница

Застапувана од Одговорно лице Никола Цветановски(во понатамошниот текст Носител на набавката ,) од друга страна

II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1."Договорен орган" е субјектот дефиниран во член 4 став 1 точка а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки е набавувач кој го ангажирал носителот на набавката како изведувач за извршување на услугите.

2.,, Носител на набавката,, - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка,

3.,, Договор за јавна набавка на услуга,, - претставува Договор за набавка на една или повеќе услуги (одржување и поправка,...)

4.,,Изведувач" е физичко или правно лице чија Понуда за изведување на услугите е прифатена од страна на Договорниот орган.

5. ."Понуда " е комплетирана понудбена документација поднесена од носителот на набавката до Договорниот орган,

6.,Техничка спецификација,, е збир на технички услови ,прописи,препораки и стандарди со кои детално се дефинираат минималните барања од технички аспект кои стоки,услугите или работите предмет на договорот за јавна набавка треба да ги задоволат.

III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој договор е Сукцесивна набавка на услуга за одржување на јавно осветлување и услуга за одржување на ННМ во општина Зрновци за период од една година согласно техничката документација која е составен дел од овој договор

Набавката, предмет на овој договор ќе се врши сукцесивно според периодичните потреби на набавувачот и по претходно доставено барање во кое ќе бидат содржани видот на услугата.

---

IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната цена на договорот изнесува 297.000.00 денари без пресметан ДДВ, а прилог на овој договор е конечната понуда од страна на Носителот на набавката во која се искажани сите позиции во техничката спецификација .

VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година.

VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

Член 6

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го заврши според изготвениот опис, по нарачка на Договорниот орган (зависно од потреби) .

Набавката ќе биде сукцесивна, во зависност од потребите на Договорниот орган, во времетраењето на Договорот.

Носителот на набавката е должен во разумен рок најдоцна во рок не подолг од 1 (еден) ден сметано од денот на упатената писмена или усмена нарачка за набавка, доставена од овластено лице на Договорниот орган или од него овластеното лице да ја испорача бараната услуга.

Испораката на услуга за одржување на јавно осветлување и услуга за одржување на ННМ се смета за извршена со потпишувањето на испратницата од овластени лица на Договорниот орган и Носителот на набавката.

Член 7

Ако носителот на набавката не ги започне работите веднаш по добивањето на писмената нарачка, Нарачувачот ќе му остави дополнителен примерен рок од 2 (два) часа за започнување на работите.
Ако носителот на набавката ниту во рок од став 1 на овој член, не започне со изведување на работите, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од изведувачот надомест на штетата.

Член 8

Носителот на набавката е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Договорниот орган штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Средствата за реализација на договорот за јавна набавка се обезбедени од Општина Зрновци Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, од доставувањето на фактурата за испорачаните услуги за претходниот месец.

## X. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 10

Фактурирањето ќе се врши на Општина Зрновци

При изготвувањето на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број
- број и датум на Договорот
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата
- валута на плаќање.

Прилог на фактурата е уредно издадена потврда за прием на добавувачот.

## XI. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 11

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавката од член 2 на овој Договор врши Договорниот орган,

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаните услуги.

## XII. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 12

Материјален недостаток постои кога носителот на набавката предал документација која не е соодветна на техничките спецификации.

Договорниот орган е должен примените услуги на вообичаен начин да ги прегледа или да ги даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести носителот на набавката во рок од 1 (еден) час.

Член 13

Кога по приемот на услугата од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека истата има некој недостаток што ќе се открие со контролата, Договорниот орган е должен, за тој недостаток да го извести носителот на набавката во рок од 1 (еден) час, сметајќи од времето кога го открил недостатокот.

Носителот на набавката е должен констатираните недостатоци (квалитет или квантитет) да ги отстрани на сопствен трошок.

XIII. ВИША СИЛА

Член 14

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 15

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 16

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд .

XV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

XVI. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 18

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

XVII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 19

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

XVIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 21

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 22

Овој Договор е составен во 4(четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

***Договорен орган:***

Општина Зрновци
Градоначалник
Блаже Станков

***Носител на набавката:***

ДООЕЛ -ЕЛЕКТРОВИН
Одговорно лице
Никола Цветановски